Архивски број: 08- 94/1
година
17-01-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-582/1 од 08.11.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје против Приватна установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје, за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност и јазик, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 17.01.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација врз основ на етничка припадност и јазик сторена од страна на Приватна установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје врз [redacted] од Скопје, во областа на заштита на деца.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 08.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, поднесена е претставка за заштита од дискриминација заведена под архивски број 08-582/1.

Подносителката во претставката тврди дека врз неа, односно врз нејзиното тригодишно дете е сторена дискриминација врз основ на етничка припадност и јазик при упис во Приватна установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје. Според неа дискриминацијата е сторена од страна на Приватната установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје, односно од [redacted] како основач на истата. Дискриминацијата според подносителката се огледа во тоа што сакала да го запише своето тригодишно дете во наведената градинка, но дека уписот на детето не се реализирал, од причини што детето било од албанска етничка припадност, односно зборувало на албански јазик.

Имено, во претставката подносителката наведува дека во месец август 2022 година оствариле телефонски разговор со [redacted] покажувајќи интерес за упис на своето тригодишно дете во горенаведената детска градинка во групата [redacted] за деца на возраст од 3 години, во која група наставата исклучиво се вршела на англиски јазик. Од страна на [redacted] биле објаснети условите за упис и дека имало место во групата, со што во секое време може да го запише детето. Подносителката, понатаму наведува дека во моментот кога [redacted] ја разбрала националната припадност, на неа и рекла дека прво требало да провери дали сигурно има слободно место. Наредниот ден кога подносителката повторно ја побарала и било


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

одговорено со порака дека нема слободно место. Понатаму, во претставката е наведено дека сопругот на подносителката [redacted], истиот ден се јавил повторно во детската градинка претставувајќи се како Србин и прашувајќи за истата возрасна група, по што му било одговорено дека има слободно место за упис на дете. На 19 септември сопругот повторно се јавил во детската градинка без да истакнува национална припадност и од страна на [redacted] бил добиен одговор дека има слободно место, по што ги поканила на средба во градинката за да ги видат просториите и да им се каже повеќе за потребните документи. Во претставката подносителката наведува дека се било готово за упис на детето во градинката до моментот кога [redacted] ги запрашала „на каков јазик му зборувате на детето". Откако и било одговорено „зборимe албански, но дека поради веќе планираното вселување во Лондон наредната година, сакаме детето да го запишеме на групата на англиски јазик", разговорот наеднаш се прекинал и им било речено „ќе ви јавам откако се провери дали има слободно место". Според подносителката, од тој момент повеќе пати ја побарала именуваната на фиксен и на мобилен телефон, но истата не одговарала на повиците. Во претставката се наведува и дека пријателка на подносителката, исто така, телефонски ја контактирала [redacted] и дека и бил даден одговор дека има слободно место за упис, додека кога подносителката телефонски ја барала именуваната, истата не и одговарала на повиците.
Кон претставката во копии се приложени: слика од комуникација преку мобилна апликација помеѓу подносителката и [redacted] и порака испратена по електронска пошта на електронската адреса на детската градинка.

По добивањето и разгледувањето на претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање бр. 08-582/2 на 19.11.2022 година до Приватната установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Приватната установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје по уредно доставеното барање во предвидениот рок не се изјасни по наводите во претставката.

Комисијата на 23.12.2022 година согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, изврши ненајавен увид во документацијата и во просториите на Приватната установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје. При вршењето на увидот присутни претставници од градинката беа директорката [redacted] и основачот, односно сопственичката Елена Новович. Претставничките беа запознаени со содржината на претставката. Тие истакнаа дека се изненадени од самата претставка и тврдењата во неа, бидејќи од кога постоела градинката во неа се згрижувале сите дечиња за кои побарано да бидат примени без разлика на етничката припадност и јазикот, во зависност од тоа дали во дадениот момент има слободни места во возрасната група од интерес. Според нив, бројот на слободни места по групите варирал постојано, бидејќи во континуитет преку целата година се запишуваат и отпишуваат деца. За конкретниот случај, тие истакнаа дека со

подносителката на претставката разговарале телефонски, а потоа и во самите простории на градинката. Притоа, на заинтересираните родители за упис на нивното дете во градинката им биле давани информации во врска со згрижувањето на децата, воспитната програма, капацитетите со кои располага градинката, како и дека децата мора задолжително да имаат потврда за примена доза на вакцина МРП.

Во рамки на увидот во документацијата побарани и обезбедени се податоци за децата од сите возрасни групи кои се згрижени во градинката, од кои податоци ќе може да се види и етничката структура во групите.

Следствено на тоа, до Комисијата на 27.12.2022 година е пристигнат и допис од страна на Приватната установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје, во кој допис дополнително се отфрлаат наводите од претставката, како и повторно се обезбедува информација за бројот на деца од немакедонска етничка припадност и се потенцира дека за нив е невообичаено децата да ги делат по национална основа, истакнувајќи „за тоа зборува и фактот што досега никогаш прашањето за национална припадност не било основа за никакви поделби помеѓу децата, а камо ли да биде основа дали некое дете ќе биде примено во градинката".

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Според член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Комисијата испитувајќи ги наводите во претставката, не ги најде за веројатни тврдењата на подносителката за сторена дискриминација по основ на етничка припадност и јазик од страна на Приватната установа за деца – детска градинка [redacted] Скопје.

Во рамки на утврдувањето на фактичката состојба, преку процесно преземените дејствија Комисијата утврди дека во горенаведената градинка се запишани и згрижени деца од различна етничка припадност, меѓу кои, 15 деца од албанска етничка припадност, со што се доведува во прашање тврдењето за постоењето на наведениот дискриминаторски основ. Дотолку што и од самите наоди, односно изнесени факти и околности, во форма на приложена кореспонденција и тврдења не се огледа со сигурност постоење на момент во кој е реализирана


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

комуникација во чии рамки изречно се отфрла прием на дете. Од изнесените факти и околности, целокупната комуникација е водена во подолг временски период и во чии рамки во ниту еден момент запишувањето на детето не било известно, туку истото било условено со постоење на слободно место во бараната возрасна група.

Следствено на тоа, Комисијата товарот на докажување, во согласност со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не го префрли на потенцијалниот дискриминатор, од причини што тврдењата за сторена дискриминација не ги сметаше за веројатни.

Оттука, согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk